**С Т О П А Н С К А Б А Н К А А Д - С К О П Ј Е**

# О Д Л У К А

за назначување на овластено ревизорско друштво за 2017 година

Скопје, јули 2017 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (СО бр. 339/15.12.2017, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на 27.07.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

за назначување на овластено ревизорско друштво за 2017 година

1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје (СБ) го назначува ревизорското друштво ***ПрицеЊатерхоусеЦооперс Ревизија ДОО Скопје*** за овластено ревизорско друштво што ќе врши ревизија на финансиските извештаи и книговодствената евиденција на СБ за деловната и фискална **2017** година.

2. Предлогот за избор на ревизорското друштво од точка 1 на оваа Одлука се утврди од страна на Одборот за ревизија на седницата одржана на 13.06.2017 година и истиот се одобри од страна на Надзорниот одбор на седницата одржана на 22.06.2017 година.

3. Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

С.О. бр.____
27.07. 2017 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседавач,**

# П Р Е Д Л О Г

за назначување на овластено ревизорско друштво за работењето
на Стопанска банка АД - Скопје во 2017 година

Во согласност со член 104 и 105 од Законот за банки, Стопанска банка АД – Скопје (во понатамошниот текст: „Банка”) е обврзана да назначи овластено ревизорско друштво коешто ќе врши финансиска ревизија на работењето (финансиски извештаи, книговодствена евиденција и информатички системи) за деловната и фискална 2017 година.

Во согласност со член 26 и 60 од Статутот на Банката, предлогот за назначување на овластено ревизорско друштво се утврдува од страна на Одборот за ревизија на Банката, и откако ќе биде одобрен од Надзорниот одбор, Собранието на акционери, врз основа на предлогот, го назначува овластеното ревизорско друштво.

Следејќи ја погореопишаната процедура, Одборот за ревизија на СБ, на седницата одржана на 13.06.2017 година, го утврди предлогот Ревизорското друштво ***ПрицеЊатерхоусеЦооперс Ревизија ДОО Скопје*** да биде избрано за овластено ревизорско друштво за вршење ревизија на финансиските извештаи и книговодствената евиденција на СБ за деловната и фискална 2017 година, во согласност со домашната законска регулатива.

Надзорниот одбор на СБ, на седницата одржана на 22.06.2017 година, го одобри предлогот на Одборот за ревизија.

Врз основа на напред наведеното, се предлага Собранието на акционери да ја донесе приложената Одлука.

Скопје, јуни 2017 година **НАДЗОРЕН ОДБОР**